Уп. Бр.08-15/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛФИ ДИУ ЦЕЕ, Алтернативен инвестициски фонд, управувано од АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и неговото друштво за специјални намени АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку Кнезовиќ и Соработници, Адвокатско Друштво од Скопје, на седницата одржана на ден 02.03.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на АЛФИ ДИУ ЦЕЕ, Алтернативен инвестициски фонд, управувано од АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и неговото друштво за специјални намени АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија над МЕРКУР трговија д.о.о. со седиште на Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Словенија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 14.01.2022 година а дополнето на 21.01.2022 година и на 27.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од АЛФИ ДИУ ЦЕЕ, Алтернативен инвестициски фонд, управувано од АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и неговото друштво за специјални намени АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која ќе стекнат единствена контрола над МЕРКУР трговија д.о.о. со седиште на Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЛФИ ДИУ ЦЕЕ, Алтернативен инвестициски фонд** е запишан во Регистарот на фондови кај Агенцијата за пазар на хартии од вредност на Република Словенија на 20 септември 2021. Ова друштво, нема својство на правно лице и истото е застапувано од АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. кое е основано 2017 година со основна дејност управување со финансиски фондови.

АЛФИ ДИУ ЦЕЕ, Алтернативен инвестициски фонд нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

**АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о.** е наменско друштво кое е основано на 23.11.2021 со цел купување на МЕРКУР трговија д.о.о. Регистрирана дејност на друштвото е активности на холдинг компании.

АЛФИ Групата во Република Северна Македонија има 2 поврзани друштва:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје и
- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. Христо Татарчев 121 Г, Кисела Вода, Скопје

**МЕРКУР трговија д.о.о** се бави се малопродажба на градежни материјали, метални производи, бои и стакло во специјализирани продавници.

Меркур трговија д.о.о нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**